**20110471294**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ ДОБРА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 април 2011 година.

Бр. 07-1869/1
6 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ ДОБРА**

Член 1

Во Законот за аудиовизуелните добра („Службен весник на Република Македонија“ број 103/2008), по членот 41 се додаваат два нови члена 41-а и 41-б, кои гласат:

„Покана за едукација

Член 41-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за култура утврди дека е сторена неправилност која согласно овој закон е пропишана како прекршок од членот 42 на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор .

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за култура.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Министерството за култура, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку инспекторот за култура при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(8) Доколку инспекторот за култура при спроведувањето на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред прекршочната комисија.

(9) Министерството за култура води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за култура.

Објавување на извештај

Член 41-б

Министерството за култура за извршените контроли изготвува квартални извештаи и ги објавува на веб страницата на Министерството за култура на унифициран квартален преглед.“

Член 2

Членот 42 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако не води евиденција и документација на аудиовизуелните добра (член 32 став (1)).

(2) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.“

Член 3

По членот 42 се додаваат два нови члена 42-а и 42-б, кои гласат:

„Член 42-а

(1) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

- врши дејност без решение дека ги исполнува условите за почеток со работа на кинотеката (член 9 став (2)),
- не достави до Кинотеката на Македонија неупотребена тонска копија на доброто, веднаш по реализацијата на делото (член 20 став (2)),
- не ги достави до Кинотеката на Македонија изворните материјали на аудиовизуелните добра две години по нивното премиерно прикажување (член 20 став (3)),
- не достави до Кинотеката на Македонија една неупотребена тонска копија на доброто, веднаш по неговата реализација (член 20 став (4)),
- не ги достави до Кинотеката на Македонија изворните материјали на аудиовизуелните добра две години по премиерното прикажување (член 20 став (5)),
- не достави до Кинотеката на Македонија една неупотребена копија (член 20 став (7)),
- не врши ревизија на аудиовизуелните добра (член 29) и
- во утврдениот рок стручно не го обработи аудиовизуелното добро (член 32 став (4)).

(2) Глоба во износ од 700 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Член 42-б

(1) За прекршоците утврдени во членот 42 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Министерството за култура (во натамошниот текст: Прекршочен орган).

(2) За прекршоците утврдени во членот 42-а на овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

(3) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија) формирана од страна на министерот за култура.

(4) Прекршочната комисија е составена од овластени службени лица вработени во Министерството за култура, од кои едно ја врши функцијата на претседател на Прекршочната комисија.

(5) Прекршочната комисија е составена од три члена и нивни заменици и тоа:

- двајца дипломирани правници, од кои еден со положен правосуден испит со пет години работно искуство во својата област и

- еден член со висока стручна подготовка од областа на општествените науки со пет години работно искуство од својата област.

(6) Прекршочната комисија се избира за времетраење од три години со право на повторен избор на членовите.

(7) За претседател на Прекршочната комисија може да биде избран само дипломиран правник со положен правосуден испит.

(8) Прекршочната комисија за Прекршочниот орган одлучува за прекршоците утврдени со овој и со друг закон и изрекува прекршочни санкции утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и со друг закон.

(9) Покрај членовите на Прекршочната комисија министерот за култура може да определи секретар на Прекршочната комисија кој врши административни работи за Комисијата.

(10) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа.

(11) Против решенијата на Прекршочната комисија, со кои се изрекува прекршочна санкција може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.“

Член 4

Во членот 43 став (1) по бројот „42“ се додаваат зборовите: „и членот 42-а“.

Во ставот (2) зборовите: „Кога сторителот на прекршокот е согласен за поведување постапка за порамнување, инспекторот “ се заменуваат со зборот „Инспекторот“.

Во ставот (4) зборот „може“ се брише, а зборовите: „да му даде“ се заменуваат со зборовите: „му дава“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Се смета дека сторителот на прекршокот со потписот на приемот на платниот налог се согласува да ја плати глобата.“

Член 5

Членот 44 се брише.

Член 6

Подзаконските акти кои се предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



www.pravdiko.com